# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА ЗА ВНЕС НА УЧЕНИЦИ

За пристапување на оваа веб апликација потребен ви е персонален компјутер, интернет и по можност најнова верзија на веб прелистувач Mozilla Firefox или Google Chrome.

Отворете ја оваа адреса со вашиот горенаведен веб прелистувач srednoskolci.jsp.com.mk




Со притискање на копчето ентер ви се отвора следниов екран, екран за најава во апликацијата.




Слика 1 (екран за најава)

# Апликација за внесување на ученици од средните училишта

Во овој прозорец се најавувате со вашата емаил адреса која ја доставивте до ЈСП за одговорно лице и во полето лозинка ја внесувате лозинката која ви ја испративме по е-пошта.

-Најавувањето го извршувате единствено на латиница.

Потоа притиснете на копчето ентер или со маусот кликнете на влези.

Потоа го добивате следниов екран




Слика 2 (екран со избор во апликацијата)

Имате две главни операции

Внесување на ученици и преглед, прегледот се базира на внесените ученици

1. Во првата операција (внеси ученик) ги внесувате учениците од прва година т.е новозапишаните ученици.
2. Во втората операција (прегледи) вршите промена или бришење на веќе постоечките ученици од 2-ра, 3-та и 4-та година.

## 2. Внес на ученици

Со отварење на внес на ученици го добивате следниов екран




**Слика 3 (внесување на податоци за ученикот)**

**- Опис на сите полиња**

Дозволен внес само на кирилица, доколку е спротивно полињата нема да се испишат и нема да биде дозволен запис. За неисполнетите задолжителни добивате црвени полиња.

За полесна изработка на слободните карти по можност прикачете фотографија во дигитална форма но не е задолжителна.

По пополнување на полињата стиснете на копчето внеси.

Кратка порака за успешен запис ви се појавува и се вчитува повторно формата за внес на следен ученик.

Доколку направите некаква грешка при внесување во задолжителните полињата при кликање на копчето внес ке добиете соодветна порака за настаната грешка.




**Слика 4 (пораки за грешки)**

# 3. Преглед на ученици

**Со кликнување на преглед од навигационото мени ви се отвара следнава страница.**




**Слика 5 (преглед на ученици)**

- доколку забележите црвени извичници во некое од полињата тоа покажува недостаток на податок за одредено поле.

Бидејќи од оваа година се воведува ново поле за населени места ве молиме да го пополнувате полето населено место.

### 3.1 Филтрирање и сортирање

- Можете да филтрирате по година и клас и со притискање на копчето пребарај  ќе ви ги прикаже податоците за конкретниот филтер.

- Сортирањето ви е од копчињата:




**Слика 6 (сортирање)**

- пол, име, презиме година и клас (сортирањето се прикажува по азбучен редослед)

## 3.2 Копчиња во екранот на приказ преглед

- Копче за ресетирање на филтрите 


- Копче за печатење 


- Копче за промена на податоци на ученикот 

**По притискање на копчето за промена ви се појавува следниов екран**




**Слика 7 (форма за промена во полињата на ученикот)**

Промена во полињата ви дозволува само кириличен внес.
- За полесна изработка на слободните карти по можност прикачете фотографија во дигитална форма но не е задолжителна.

- За потврдување на овие измени притиснете на копчето:




потоа добивате соодветна порака дали измената е направена или е настаната грешка во некои од полињата.

- Бришење на ученикот - дозволен со лозинка (истата со која се најавувате во апликацијата, во случајов вашето име)




за успешно бришење ќе добиете соодветна порака.

**напомена:**
доколку лозинка не е внесена или е погрешна ќе добиете порака за истото и ке ви се отвори повторно истата форма за одново да пробате да избришете.

## 3. Одјавување од апликација на копчето излез.




Од навигационото мени (горе) изберете:

-Копче за излез 


Потоа го довивате екранот со успешна одјава.




**Слика 8 (екран со порака за успешно одјавување)**

## 4. Копче помош од навигационо мени.




Од навигационото мени (горе) изберете:

- Копче за помош 


Ова копче ке ви отвори основна помош во врска со одредена каректеристична проблематика која ја имате и воедно нашите податоци за контакт.

## 5. Побитни пораки при користење на апликацијата

- порака за истечена сесија (доколку не ја користите апликацијава повеќе од 30 минути автоматски сесијата ке ви истече и ке треба повторно да се најавите)




**Слика 9 (екран со порака за истекување на сесијата)**

- порака за грешна најава (доколку при најавувањето внесете неточни податоци оваа порака ке се појави)




**Слика 10 (екран со порака за погрешна најава)**

# 6. Телефон за контакт и емаил

**Кирил Деловски**
***Помлад соработник програмер на служба за апликативен софтвер***
***ЈСП СКОПЈЕ***

**Бул.** Александар Македонски бр. 10
**Тел:** 02/3174 - 264 / Лок. 211
**Моб:** 070/239-502
**Факс:** 02/3174 – 266
**Е-пошта:** kiril@jsp.com.mk
**Веб страна:** www.jsp.com.mk